МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ОБРАЗОВЕН ПРОФИЛ

# *ТЕРАПЕВТ - МАСЕР*

*(за ученици со посебни образовни потреби)*

Скопје, 2005 година

## *1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ*

**1.1 Струка на која припаѓа образовниот профил**: *ЗДРАВСТВЕНА*

**1.2. Назив на образовниот профил**: *ТЕРАПЕВТ-МАСЕР*
*(за ученици со оштетен вид - слепи и слабовиди)*

**1.3. Занимање:** *МАСЕР*

**1.4. Времетраење на образовниот профил:** 3 учебни години

**1.5. Сродни образовни профили на повисоко ниво**

а) физиотерапевтски техничар

б) други образовни профили од струката на повисоко ниво:
- медицинска сестра
- забен техничар
- фармацевтски лабораториски техничар
- медицински лабораториски техничар

## 2. *ПОЈДОВНИ ОСНОВИ НА КОИ СЕ ГРАДИ ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ (ПРЕДУСЛОВИ И БАРАЊА)*

**2.1. Основен влез:** Ученици со оштетен вид со завршено основно образование.

**2.2. Дополнителен влез:** Во овој профил се запишуваат исклучиво ученици со оштетен вид чиј интерес е насочен кон грижа за чување и негување на здравјето.

## *3. ОПИС НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ*

**3.1. Општа цел на образованието на здравствената струка**

Да ги оспособи учениците во рамките на работата и работните задачи, стекнатите знаења и умеења да ги применуваат соодветно, ефикасно и прецизно, со чувство на одговорност, самодоверба и професионална комуникација.

**3.2. Цел на образованието на профилот терапевт-масер**

Наставата треба да овозможи стекнување на знаења, умеења и навики неопходни за стручно извршување на професионалната дејност на образовниот профил **терапевт - масер**, оспособеност за самообразование и развивање на свеста за почитување на етичките норми во работата, професионален однос кон пациентите и кон соработниците.

### 3.3. Работни задачи

Терапевтот – масер е оспособен за:

- ***самостојно применување*** на локална и општа масажа според индикации на лекар - специјалист по физикална медицина и рехабилитација;

- **изведување** на тераписка масажа кај разни патолошки состојби;

- **применување** на: спортска масажа и естетска масажа според упатства на специјалист по физикална медицина и рехабилитација;

- **практикување** масажа врз здрави лица;

- правилно **чување и одржување** на работниот материјал, апаратите и другите помагала.

### 3.4. Услови и барања на работата

Терапевтот - масерот дејноста вообичаено ја изведува во затворена просторија (во засебна просторија или во собата на пациентот - кај неподвижни болни). Поради карактеристичните својства на супстанците кои ги користи (супстанци со интензивен мирис, прашкасти и сл.) и природата на активностите кои што ги извршува, просторијата треба да биде пространа, затоплена и со систем за проветрување. По потреба, активностите може да се изведуваат и на отворен простор.

Масерот работи во смени. Треба да поседува добра физичка кондиција, бидејќи за активностите коишто ги изведува потребен е исклучителен физички напор. Изложен е на инфекции и стресни ситуации. Има потреба од појака исхрана.

### 3.5. Општи и стручни способности и компетенции

Терапевтот-масер треба да поседува солидни стручни познавања и умеења, смисол и способност за: самостојност, снаодливост, точност, одговорност, јасно вербално изразување и разбирње на сигнали и заповеди.

## 4. НАСТАВЕН ПЛАН И НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Со ***наставниот план*** (даден во прилог) е предвидена ангажираноста на учениците. Наставниот план е структуиран во пет подрачја:

**Општо образовно подрачје** - застапено е со 36% и опфаќа општообразовни предмети (8) преку чие изучување ученикот стекнува знаења, умеења и ставови кои му овозможуваат подготовка за животот и работата, следење на наставата од другите предмети ***и се во функција на струката.*** Изборот на предметите и нивната содржина се прилагодени на потребите на профилот и можностите на учениците.

Второто подрачје припаѓа на ***Стручното образование*** и во наставниот план е застапено со 29,3%. Посебно внимание е направено во изборот на стручните предмети (8) со чие изучување ученикот треба да стекне знаења неопходни за стручно изведување на практичната настава и оспособеност.

Третото подрачје кое е застапено со 34,6% е посветено на ***Практичната обука*** што е во функција на основната цел на образовниот профил и занимањето терапевт - масер. Во овој дел од наставниот план покрај практичната настава опфатена е и задолжителната феријална практика во втора година од 15 работни дена (по 5 часа на ден и овие часови не се опфатени во процентуалната пресметка). Уделот на одделни практикуми во практичната настава ориентационо е следен (можни се извесни отстапувања):

| ***Подрачје (предмет)*** | ***I година*** | ***II година*** | ***III година*** |
|---|---|---|---|
| Основи во нега на болен и хигиена | 2 | | |
| Физикална терапија | | 4 | 4 |
| Масажа | | 6 | 6 |
| Кинезитерапија | | | 2 |
| Рехабилитација | | 2 | |

Солидната стручна теоретска подготовка и извршувањето на практичната обука овозможуваат ученикот да се здобие со знаења, умеења и вештини неопходни за стручно и професионално изведување на работните задачи на масерот.

Четвртото подрачје, **Задолжителни активности,** опфаќа активности од: областа на спортот кои се во функција на стекнување, покрај другото, физичка кондиција на масерот неопходна за изведување на неговата дејност и активности од областа на културата (ликовна и музичка).

Петтото подрачје, ***Слободни часови на училиштето,*** опфаќа активности кои се планираат и реализираат на ниво на училиште, а е оставено на слободен избор на учениците. Ученикот избира и

реализира 1-2 активности во текот на една година, зависно од неговиот интерес и способности.

Наставниот план од овој документ е во прилог.

# 5. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

**5.1. Начинот, местото и времето на реализацијата на наставата** е определено со училишниот курикулум, согласно наставниот план, наставните програми и Законот за средно образование.

Наставата се реализира во три учебни години, поделени во две полугодија. За практичната настава се препорачува реализација од блокови на часови, или цели работни денови, додека, пак, феријалната практика се реализира по завршувањето на учебната година.

Настава се реализира во специјализирани училници и кабинети во училиштето за ученици со оштетен вид, медицинското училиште, Заводот за физикална медицина и рехабилитација и други установи кои извршуваат дејност од физикалната медицина и рехабилитација.

## 5.2. Опрема и наставно- технички средства и помагала

Од посебно значење е опременоста на кабинетите и друг простор за одделни предмети во самиот училиштен објецт, како кабинет за анатомија со физиологија и фискултурна сала опремени според потребите и барањата на соодветните предмети.

Согласно содржините на одделни наставни програми и потребите опфатени во графата „Дидактички насоки" (за индивидуална работа или во групи каде што е нагласено и метод на демонстрација), училиштето е опремено и со други наставни средства и помагала, потребни за одделни предмети или група на предмети.

*Наставните средства и материјали* училиштето ги обезбедува самостојно или во соработка со други организации.

## 5.3 Учебници и учебни помагала за ученикот и наставникот

- Учебници според барањата на одделни програми
- Практикуми и прирачници
- Дневници за практична настава
- Дидактички материјали
- Енциклопедии, атласи, стручни списанија и др.

Учебничката и прирачната литература за учениците треба да биде испечатени на Брајова азбука, во форма на звучна литература или видно писмо (за слабовидите).

## 5.4. Наставни форми и методи

Наставата се реализира преку комбинација на повеќе наставни форми и методи. ***Менторскиот*** приод во работењето се очекува да даде најдобри резултати, особено во практичната настава.

Најчесто ќе се користат **методите**: ***демонстрација*** *(модели),* ***практични активности, дискусија*** и сл. Од формите најчесто ќе се применува ***индивидуалната, работа во парови и групи, покрај фронталната.***

Во текот на наставата **ученикот** извршува различни ***активности*** како: ***поставува*** *прашања, открива (својства, промени),* ***евидентира*** *податоци,* ***проверува, дискутира, усогласува*** *мислења со членови на група,* ***изведува практични вежби врз себе и врз други лица*** и др.

**Активности на наставникот:** ***планира, прави подготовки*** (просторни, наставни средства, дидактичко-методски), ***поставува проблем, дава насоки, набљудува, помага, координира и надгледува*** работа на групи и поединци, ***презентира информации, демонстрира, следи, ја вреднува својата и работа на учениците*** *и* ***воспоставува позитивна педагошка комуникација*** со учениците и наставниците.

## *6. КАДРОВСКИ ПРЕДУСЛОВИ*

Квалификациите на наставниот кадар се одредени со Законот за средно образование. Во извршувањето на практичната настава учествува лице со оформено средно или вишо образование (физиотерапевтски техничар или доквалификација масер) кое има искуство во работа со лица со оштетен вид (или го има истиот хендикеп).

## *7. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ*

Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде резултат на континуирано следење и вреднување на знаењата и умеењата, како и залагањето и активноста на ученикот во текот на наставата. Вреднувањето ќе се врши со различни постапки, форми и инструменти (усно - разговор, писмено – тестови на знаења на определени тематски целини и сегменти, следење и резултати од практични активности и друго). За часовите од задолжителните активности ќе се постапува според дополнителни упатства.

## 8. *ДОКУМЕНТИ*

### 8.1. Свидетелства за секоја завршена учебна година

### 8.2. Диплома

Учениците полагаат завршен испит со што стекнуваат ДИПЛОМА за завршено средно образование, образовен профил терапевт – масер. Структурата, содржината и реализацијата на завршниот испит се изведува согласно Законот за средно образование.

## *9. МОЖНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ*

Образовниот профил терапевт - масер може да се вработи и да извршува работни задачи во здравствени организации (јавни и приватни) кои вршат дејност во рамките на физикалната медицина и рехабилитација, спортски клубови, салони за естетско обликување и масажа, рекреативни центри и сл.

## *10. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ*

**10.1. Датум на изработка: 2005 година**

**10.2. Состав на работната група:**

1. **Гордана Донева-Атанасоска**, советник, Биро за развој на образованието, Скопје, **раководител**
2. **Проф. д-р Стојан Грков,** шеф на Катедрата за физикална медицина и рехабилитација, ЗФМР, Скопје
3. **Д-р Зоран Димовски,** специјалист по физикална медицина и рехабилитација, директор на Заводот за физикална медицина и рехабилитација
4. **М-р Елизабет Солтирова,** тифлолог, директор во ОУ “Владо Тасевски”, Скопје,
5. **Марија Симонова**, советник, Биро за развој на образованието, Скопје

## *11. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ*

**Примената на образовниот профил терапевт-масер започнува на 1. 09. 2005 година.**

## *12. ОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ*

**Образовниот профил терапевт - масер го одобри (донесе) Министерот за образование и наука со решение бр.11-4187/2 од 19. 07. 2005 година.**

## НАСТАВЕН ПЛАН

**Струка:** ЗДРАВСТВЕНА
**Образовен профил** ТЕРАПЕВТ-МАСЕР
( за ученици со оштетен вид)
Времетраење на образованието: 3 години

| | ***Програмски подрачја и наставни предмети*** | **Година и фонд на часови** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | | II | | III | | **Зас. %** |
| | | **Нед.** | **Год.** | **Нед.** | **Год.** | **Нед.** | **Год.** | |
| 1 | **Општо образование** | **15** | 540 | **5** | 180 | **7** | 231 | **36%** |
| | *а)Заеднички предмети* | | | | | | | |
| 1.1 | 1) Македонски јазик и литература<br>2) Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | 3<br>2 | 108<br>72 | 3<br>2 | 108<br>72 | 3<br>2 | 99<br>72 | |
| 1.2 | Странски јазик | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 1.3 | Историја на Македонија | 2 | 72 | | | | | |
| 1.4 | Математика | 2 | 72 | | | | | |
| 1.5 | Граѓанско образование | | | | | 2 | 66 | |
| | *б) Предмети во функција на струката* | | | | | | | |
| 1.6 | Физика | 2 | 72 | | | | | |
| 1.7 | Биологија | 2 | 72 | | | | | |
| 1.8 | Хемија | 2 | 72 | | | | | |
| 2 | **Стручно образование** | **8** | 288 | **8** | 288 | **6** | 198 | **29.3** |
| 2.1 | Анатомија | 4 | 144 | | | | | |
| 2.2 | Физиологија | 2 | 72 | | | | | |
| 2.3 | Хигиена со здраствено воспитување | 2 | 72 | | | | | |
| 2.4 | Рехабилитација | | | 2 | 72 | | | |
| 2.5 | Физикална терапија | | | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 2.6 | Масажа | | | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 2.7 | Кинезиологија | | | 2 | 72 | | | |
| 2.8 | Кинезитерапија | | | | | 2 | 66 | |
| 3 | **Практична обука** | **2** | 72 | **12** | 432 | **12** | 396 | **34.6** |
| 3.1 | Практична настава | 2 | 72 | 12 | 432 | 12 | 396 | |
| 3.2 | Феријална пракса | | | **15 дена** | | | | |
| | **Вкупно 1+2+3:** | **25** | **900** | **25** | **900** | **25** | **825** | **100** |
| 4 | **Задолжителни активности** | | | | | | | |
| | Спорт и спортски активности | **2** | **72** | **2** | **72** | **2** | **66** | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Активности од областа на културата | **2** | **72** | | | | | |
| **5** | **Слободни часови на училиштето** | | **До 72** | | **До 72** | | **До 72** | |